РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISE SE VERIUT
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ
AGJENCIA PER SHERBIME MEDIATIKE AUDIO DHE AUDIOVIZUELE
Број: / Numer: 03-1792/1
04.04.2024 година / viti
СКОПЈЕ - SHKUP

**До: ДРЖАВНА ИЗБОРНА КОМИСИЈА**

**Предмет: Седми седумдневен извештај на Агенцијата**

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

**ул. Македонија бр.38
1000 Скопје**

Почитувани,

Согласно обврската од член 76-в став 2 од Изборниот законик и Меморандумот склучен меѓу нашите институции на 04.02.2016 година, Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги го доставува седмиот седумдневен извештај што се однесува на периодот од 27 март до 3 април 2024 година[1].

Во него Ве информираме дека:

Советот на Агенцијата, на првото продолжение на 12-та седница, одржано на 28 март 2024 година, го усвои Упатството за радиодифузерите за Претседателските и за Парламентарните избори. Упатството е достапно на веб страницата на Агенцијата во посебниот банер насловен ИЗБОРИ 2024.

Во банерот се објавени и Прегледите на ценовниците за платено политичко рекламирање на радијата и на телевизиите, за Претседателските и за Парламентарните избори 2024 година.

На 2 април, до сите радиодифузери беше испратено потсетување за одредбите од Изборниот законик што се применуваат за време на изборната кампања.

На 3 април, во соработка со ИФЕС, Агенцијата организираше панел дискусија на тема „Политичкото рекламирање и интегритетот на изборите".

Заклучно со 3 април ќе биде заокружен мониторингот на периодот пред кампања, кој и во овој извештаен период се одвиваше непречено.

Со почит,

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги
Директор,**

**д-р Зоран ТРАЈЧЕВСКИ**

[1] Овој извештај се однесува на период од 8 дена, за да ги опфати сите денови до почетокот на изборната кампања – 4 април 2024 година, од кога ќе продолжиме со дневни извештаи.